STOMATOLOŠKI DNEVI ALPE – JADRAN
Portorož, 4. – 6.6.1987

PARODONTOLOGIJA V PRAKSI

Organizator – ZZD – SLOVENSKO ZDRAVNIŠKO DRUŠTVO
Stomatološka sekcija
61000 Ljubljana, Komenskega 4
Telefon: 061-317-868

Predavanja:
dr. Matjaž Rode: Uvod in predstavitev
dr. Fesseler, Mainz-BRD: Parodontologija danes
dr. U. Bar, Torino-Italija: Parodontologija v praksi v Italiji
dr. D. Đukanović, Beograd: Praktično delo v parodontologiji
dr. R. Bratschko, Graz-Avstrija: Preventivne mere v parodontologiji
Okrogla miza: Timsko delo v parodontologiji
Praktične vaje na modelih
Dentalna razstava

Informacije: ZZD – Slovensko zdravniško društvo, Stomatološka sekcija, 61000 Ljubljana, Komenskega 4, telefon: 061/317-868.

## II СИМПОЗИУМ ПО ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА НЕУМ 29.IX. – 3.X 1986

Паралелно со Третата стоматолошка недела на СРБиХ, при крајот на септември и почетокот на октомври, во Неум, единствениот град на Босна и Херцеговина кој излегува на Јадранското Море, се одржа II-от СИМПОЗИУМ ПО ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА на Југославија.

На симпозиумот беа изнесени 127 реферати кои ги елаборираа современите преокупации и достигнувања од областа на детската и превентивна стоматологија во нашата земја, при што посебно внимание им се посвети на современите аспекти на терапијата на кариесот и неговите компликации во детската возраст, трауматологијата, примената на флуорот, епидемиологијата и терапијата на пародонталните заболувања кај децата, користењето на компјутерот за брза и поквалитетна евалуација на клиничката и научната работа, стоматолошкото воспитување и др.

Она што посебно треба да нè радува е сè поголемата аткивност на колегите од внатрешноста, кои со своите бројни трудови и овој пат покажаа дека ваквите собири не треба да бидат привилегија само на претставниците на факултетите и клиниките. Ваквиот тренд може само да охрабрува, бидејќи основната задача што се поставува пред педодонтот превентивата на забниот кариес и сè поприсутните пародонтални заболувања во детската возраст, може да се решат единствено со добра организација и мотивираност на сите оние што работат со деца.

Треба да се истакнат и двете пленарни теми – *ОРАЛНО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА ВО СФРЈ* и *ПРОЕКЦИЈА НА РАЗВОЈОТ НА ЗАШТИТАТА НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА ВО СФРЈ*, каде беа презентирани податоците од пилот студијата за состојбата на оралното здравје во Југославија, која кај нас за првпат се работеше според критериумите на Светска здравствена организација и чии резултати ќе бидат внесени во епидемиолошката карта на стоматолошките заболувања во Европа.

Овие наши импресии нема да бидат целосни ако не го спомeнеме и присуството на учесниците на изложбата на дентални апарати и материјали каде ни беа прикажани најновите достигнувања од таа област.

М. Царчев

## VIII СОВЕТСКО-ЈУГОСЛОВЕНСКИ МЕДИЦИНСКИ ДЕНОВИ Ереван (Ерменија-СССР) – 13 до 15 октомври, 1986

Од 13 до 15 октомври 1986 година во Ереван – Ерменија (СССР) се одржаа VIII-те советско-југословенско медицински денови.

На собирот присуствуваа околу 400 учесници, од кои околу 50 од Југославија. Тематиката на собирот беше ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА МАЈКАТА И ДЕТЕТО, за која беа изнесени околу 80 стручни и научни трудови.

Собирот работеше во две секции: 1. гинекологија и акушерство и 2. педијатрија и детска стоматологија. Меѓутоа, на собирот беа изнесени реферати и од други области на медицината кои имаат непосредно влијание на здравјето на мајката и детето.

Голем акцент беше даден на интердисциплинарниот пристап во повеќе области: ендокринологијата, интерната медицина, неврологијата, хирургијата, офталмологијата, генетиката, организацијата и др.

За активната здравствена заштита на мајката и детето, и перспективата, зборуваа и домаќините и гостите, при што беа истакнати: неопходната педагошка подготвеност, комплексните медицински прегледи, проблемот на фокалната инфекција, превентивата на рахитот, вродените аномалии, превентивата на атеросклерозата, ефикасноста на работното време на лекарот и друга проблематика.

Стоматолошката заштита на мајката и детето беше проследена од периодот на бременоста, преку лактацијата, раното детство и адолесценцијата. Изнесени беа искуствата од применетата превентива на ортодонтските аномалии, санацијата и превентивата на кариесот со препаратите на флуор и организацијата на стоматолошката служба.

Вредно е да се одбележи добрата организација на домаќините, срдечноста и посетата на бројните културно-историски споменици стари илјада години.

**Љ. Нечева**